# ПЛАЧЕШ КАКО КИТ
## (роман-море)

---

ЅВЕЗДАН ГЕОРГИЕВСКИ

Изданието е објавено со поддршка од:

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Ѕвездан Георгиевски, Плачеш како кит**

**© Ѕвездан Георгиевски, 2023**
**© Бегемот, 2023**

Лектура
**Ирена Ралева**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# ПЛАЧЕШ КАКО КИТ
## (роман-море)

Ѕвездан Георгиевски

Бегемот
Скопје, 2023

*Посветено на сите што отпловија*

## ПОЧЕТОК

*Некогаш, многу одамна, во времето што човек не го помни, пред педесет милиони години, можеби повеќе, можеби помалку, од големите морињa на копното се преселија некои чудни суштества, какви што не биле видени на Земјата. А и не можеле да бидат видени, затоа што немало никој да ги види. Тие суштества ги родиле сите животни и сите луѓе на овој свет. Целиот жив свет, онаков каков што ти денес го гледаш.*

*И од нив се родил најмудриот, најубавиот и најмузикалниот животински род што некогаш постоел на Земјината топка. Тоа се животни што одат на четири нозе, а сепак изгледаат како да се исправени. Со големи тела и мали нозе. Со кожа без ниту едно влакно и со усни со само горна вилица. Со муцки како триаголници и со очи како драги камења. Науката за нив вели дека се од родот „nikioforus mamae“, цицачи какви што немало и нема да има. А јас сега, само за тебе, ќе ги наречам: Никофори.*

*И Никофорите живееја долго на копното, дваесет и пет милиони години, можеби повеќе, можеби помалку. Живееја во семејства и во колонии. Се дружеа меѓу себе. Се чуваа едни со други и внимаваа едни на други. Во долгите ноќи, седнати во круг, тие ги раскажуваа прикаските од историското помнење за нивниот живот во водата, за пространствата и волшебниот свет на бескрајното синило.*

*И не заборавај: тоа беше во она време кога на џиновските птици што владееја на небото на крилјата им растеа заби, наместо пердуви. И со тие остри шилци, на своите крилја, овие гигантски птици беа страв и трепет за животните на копното.*

*Членовите на племето Никофори си раскажуваа митови и сказни за прекрасниот морски живот, а посакуваа да научат да летаат. Не за да бидат господари на небото, туку да можат да се одбранат од своите летечки непријатели. И рипаа од една четириглава планина, планина со четири врва како четириглав аждер. Скокаа, се обидуваа и не успеваа. Се повредуваа, но не прекинуваа. Жилави беа овие Никофори. И упорни.*

*И, велам, токму пред дваесет и пет милиони години, добро, можеби повеќе, можеби помалку, се роди Никофор, најубавиот и најсилниот од Никофорите. И по него овој вид го доби своето име. Во гените на Никофор не беше вткаено небото. Тој знаеше, знаеше по инстинкт и по ум, дека*

*може да се лета и по морињата. И морињата, како и небото, немаат ниту почеток ниту крај.*

*И, еден ден, Никофор се реши. Му кажа на неговиот татко дека се враќа во морето. Утредента сабајлето, рипна од една карпа во најблиската длабока вода и – веќе никогаш не се врати. Кога членовите од неговиот клан сфатија што се случи, сите, речиси без исклучок, рипнаа по Никофор во морето. Дали за да видат што се случува со Никофор или затоа што сфатија дека таму им е иднината, не се знае до денешен ден.*

*И не може да се знае затоа што никој од Никофорите веќе не се врати на копното. Веќе ги нема џиновските птици со заби наместо пердуви, ама на Никофорите изгледа дека им е поубаво во длабокото синило отколку во непрегледните сиви копнени пространства. Денес потомците на Никофорите ги нарекуваме китови – тие прекрасни господари на морската шир.*

*И не знам, не ме прашувај што ќе се случеше ако китовите научеа да летаат.*